# ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

**ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Како и секоја година, согласно Статутот на СОНК, Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро, на ден 10-03-2020 година го разгледа Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2019 година. Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека сите навремено пристигнати документи, по сите основи, се реализирани и дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати и на општо задоволство на членовите кои се корисници на Фондот.

Истиот ден, беа одржани и седници на Управниот одбор и Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на кои беа отворени повеќе прашања во врска со начинот на работењето на Синдикалниот фонд и можностите за воведување на евентуални нови поволности, се со цел да се обезбедат поповолни услови и потреби на членовите во синдикалните организации, членки на Синдикалниот фонд, секако врз основа на финансиските можности на Фондот.

По опширната расправа од страна на членовите на Собранието на Синдикалниот фонд, кој патем да спомениме дека го сочинуваат по еден преставник од регионалните одбори на СОНК, секако од синдикалните организации кои се членки на Фондот, заеднички беше констатирано:

- Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење и потреба за членовите на СОНК и сите синдикални организации, членки на Фондот се презадоволни од функционирањето и во пресрет на потребите на членовите.
- Согласно барањето на членовите на Фондот,ако минатата година за поголем процент се зголеми износот на синдикалниот кредит и тоа од 15.000 на 18.000 денари, кој единствено се враќа, за разлика од останатите основи кои се неповратни средства, оваа година треба да се обрне внимание и да се воведат новини по другите основи.
- Согласно финансиските можности, по предлог на Управниот одбор на Синдикалниот фонд, Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата за пресметување на неповратни средства или поточно од 6.000 денари на 8.000 денари, што е за повеќе од 30%. Овде мора да се напомене дека не влегуваат основите за остварување на неповратна помош кои, согласно Правилникот на Синдикалниот фонд, се исплатуваат процентуално од направените трошоци, односно болничко лекување и набавка на лекови и други медицински помагала.
- Како предлог, едногласно беше усвоен од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК и за воведување на нов основ за остварување на неповратна помош во случај на подолготрајно боледување. Имено, по овој основ, членките на Фондот имаа право на надомест за непрекинато боледување над 60 и 90 дена,кој основ се зголеми и за над 120 дена за непрекинато боледување.
- Исто така е зголемен износот на неповратната помош за студенти кои студираат во нашата држава на одалеченост над 35 км од местото на живеење и тоа од 3.000 на 4.000

денари.
- Како новина, која произлезе како потреба од евентуална злоупотреба, при аплицирање за користење на безкаматниот кредит, жирантите ќе треба да достават и фотокопија од личните карти.

На крајот од седницата, од страна на Собранието на Синдикалниот фонд, беше констатирано дека членството освен што ќе биде информирано за овие донесени измени и дополнувања на Правилникот за користење на средствата на Синдикалниот фонд на СОНК, Стручната служба на Советот на СОНК, во иднина да изготви Прирачници, преку кои, секој член би се информирал за правата и основите за користење на средствата од Синдикалниот фонд на СОНК.

---

# ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

ПРВОМАЈСКИ ПРОГЛАС

1 ви мај – меѓународниот ден на трудот, повеќе од 100 години претставува симбол на борбата на работниците за остварување на нивните права за достоинствена работа, за живот, за демократија, за слобода.

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија нема да се приклучи кон славењето на овој ден од многу едноставна причина, бидејќи состојбата на работниците во Македонија не е за славење. Заради тоа, ќе кажеме дека го одбележуваме овој меѓународен ден на трудот, на кој ден во минатото борците за работничките права ги дале и сопствените животи во борбата за остварување на човековите права за 8 часа работа, 8 часа рекреација и 8 часа одмор.

Оваа година  1-ви мај во Македонија се одбележува во посебни услови, кога во светот и кај нас се прогласени вонредни услови од пандемија на вирусот COVID-19. Во вакви вонредни услови на живеење и работа, имаме и вонредни мерки предложени и усвоени од Владата, кои одат во правец на намалување на правата на работниците по однос на нивниот  социо-економски статус, како и правото на нормално живеење, работење, функционирање.

СОНК, во повеќе наврати, бараше од Владата да ги преиспита своите Одлуки и воедно да ги повлече сите оние Уредби коишто се однесуваа за намалување на платите на работниците во јавниот сектор, како и укинување на додатоците на плата, коишто се права загарантирани со закон и колективен договор. СОНК, исто така, жестоко реагира и изразува големо незадоволство од Владата, која што практично без никаков социјален дијалог, со репрезентативните синдикати, особено со СОНК, кој што е убедливо најголем синдикат во јавниот сектор, носи Уредби со кои еднострано ги суспендира, односно ги прекршува Законот за работни односи, законите за дејности, колективните договори и меѓународните конвенции, кои го гарантираат правото на плата и додатоци на плата на работниците. СОНК стои на својот став дека, дури и во вакви околности, односно и во вонредна состојба на државата, мора да се почитува правото на социјален дијалог и партнерство, особено кога се работи за вакви осетливи прашања, што се однесуваат на социјалната сигурност на работниците. Исто така, не смееме да го премолчиме фактот што веќе една година Комисијата за утврдување на репрезентативност избегнува да се состане и да утврди, согласно фактичката состојба, репрезентативност на национално ниво на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија. Оттука, се поставува прашањето зошто не се дава репрезентативност на КСС и дали има некаков договор помеѓу власта и дел од членовите на оваа Комисија?! Веројатно одговорот ви е познат, а резултат на тоа е вистинскиот синдикат кој се залага за зачувување и подобрување на правата на работниците – КСС, да се дистанцира, замолчи и да не му се даде можност да учествува во

таканаречениот Економско-Социјален Совет и на таканаречените преговори со Владата, каде што со тежината на своите аргументи ќе ги оправда своите забелешки, сугестии и предлози, во правец на надминување на оваа исклучително тешка положба за целата држава, за работниците, за работодавачите….

Од тие причини, СОНК упатува барање до Владата, оваа, но и идната, со кои што:

1. Ќе се врати демократијата во синдикалното организирање и дејствување, како и почитување на репрезентативноста на синдикатите.
2. Ќе се подигне социјалниот дијалог и партнерство на највисоко ниво, согласно домашните закони, колективните договори и меѓународните конвенции.
3. Владата да обезбеди мерки, со кои што ќе се сведе на минимум отпуштањето од работа на работниците заради моменталната вонредна состојба.
4. Владата со сериозен пристап да ги разгледа предложените антикризни мерки од Конфедерацијата на слободни синдикати – КСС и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР.
5. Владата, сега и во иднина, да се откаже од намерата за кратење на плати и додатоци на плати на работниците, со што би заштедиле средства, со кои ќе се инвестира во последиците од кризата.
6. Владата да ги искористи сите национални расположливи човечки ресурси, без разлика на партиска припадност, во изнаоѓање на најсоодветни прифатливи решенија за надминување на оваа економска криза.

СОНК е свесен за моменталната ситуација на државата, особено од аспект на нефункционирање на голем дел од приватниот сектор, што предизвикува отпуштање на работници од една страна, како и немање на капацитет за полнење на буџетот, од друга страна. Исто така, свесни сме дека оваа здравствена криза се преточува во светска економска криза, која што несомнено нема да ја заобиколи и нашата држава. Од тие

причини, уште еднаш укажуваме на сериозноста на овој проблем и потребата за консензус меѓу политичките субјекти во државата, во однос на изноѓање најдобри економски мерки и решенија, за што е можно побезболно да се надмине кризата. Секако и ние како синдикати се ставаме на располагање, со сиот наш капацитет, заедно здружени и единствени да помогнеме во ваквата ситуација.

Ние сме убедени дека доколку се искористат капацитетите на СОНК и КСС, без се фаворизира некој квази синдикат, кој што од формален карактер се претставува како единствен заштитник на работничките права, тогаш во тој случај ќе имаме многу повеќе шанси за успех и што побезболно излегување од оваа здравствена и економска криза.

Ни престои неизвесен и тежок период, период на отпуштања и економска криза и конечно дојде вистинско време синдикатите во Македонија да го оправдаат името “Синдикат” и цврсто да застанат во одбрана на работничките права.

**ДА ЖИВЕЕ 1-ВИ МАЈ, ДА ЖИВЕЕ СОНК, ДА ЖИВЕЕ КСС, ДА ЖИВЕЕ МАКЕДОНИЈА – ДА ЖИВЕАТ РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА.**

---

# Владата со нова тактика “трај- прај”

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија – СОНК реагира на начинот на носење на одлуки на

Владата, особено од сферата на социјално-економскиот статус на работниците. Имено, на последната 37 седница на Владата, донесена е Уредба, со која на корисниците на буџетските средства за плати и додатоци на плати  им се укинува правото на исплата на додатоци и надоместоци на плата, согласно Закон и Колективен договор, за време на траењето на вонредната состојба.

СОНК сосема ја разбира моменталната состојба и економската моќ на државата во период на криза, ја разбира и потребата за солидарност во овие тешки времиња за сите граѓани во државата, особено со најпогодените и најсиромашните, но ако зборуваме за солидарност, како социјални партнери, во најмала рака требаше да бидеме прашани или консултирани.

СОНК како претставник на околу 30.000 вработени во јавниот сектор и убедливо најголем синдикат во државата, реагира на непостоење на социјален дијалог и партнерство, кои се со закон задолжителни помеѓу социјалните партнери. Иако се наоѓаме во вонредна состојба, тоа не значи дека одредбите од законите се суспендирани и дека уредбите што ги носи Владата ќе се темелат исклучиво врз база на еднострана проценка. Од тие причини бараме, при носење на уредби со кои ќе биде намалена социјалната сигурност на работниците и другите права, да се почитуваат законите, особено Законот за работни односи, законите за дејности и Колективните договори. Впрочем, платите и надоместоците на плати се уредуваат со Закон, Колективен договор или Договор за вработување, па дури и во вонредна состојба овие акти не смеат да се суспендираат.

Од погоренаведеното, СОНК е убеден дека транспарентноста и социјалниот дијалог можат само да помогнат во овие тешки моменти за сите нас, а нашиот синдикат-СОНК во многу наврати и претходно е веќе докажан синдикат  кој што ги негува европските вредности на партнерство и социјален дијалог.

# КСС предлага: Неработни денови за сите во јавниот и приватниот сектор во април, на товар на државата

**Платформа на легитимни синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации за борба против Ковид 19**

Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС иницираат креирање на една зедничка платформа, во која би се приклучиле сите легитимни и релевантни организации кои во рамките на своето делување ќе придонесат кон заедничко справување со епидемијата, за нејзино поскоро завршување, а потоа и за побрзо заздравување на стопанството во нашата држава.

Платформа на синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации

План за заштита на здравствени работници

# СОНК НЕ СЕ СОГЛАСУВА ДА СЕ НАМАЛАТ ПЛАТИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија со особено внимание и голема загриженост ги следи состојбите во нашата држава предизвикана од Корона вирусот. Загриженоста се темели на неколку полиња и тоа:

1. Просветните, научните и културните работници со голема загриженост ги следат информациите за ширењето на вирусот во Македонија и препораките на Владата за примена на мерки, со што би се намалил ризикот за инфицирање од овој смртоносен вирус. Од таа причина и ние како Синдикат апелираме доследно да се почитуваат препораките на надлежните, со цел што е можно повеќе да се заштитиме и да придонесеме за спречување на ширењето на оваа пандемија.

И ние се приклучуваме на препораката: СЕДЕТЕ ДОМА, со минимални излегувања во животната средина.

2. Приоритет на сите нас е животот и здравјето на луѓето, за што секој од нас има и лична одговорност. Но, во време на редуцирано и ограничено движење, ограничено реализирање на работните обврски, особено во стопанството, се наметнува и економска криза, предизвикана од неможноста стопанството да работи со полн капацитет. Ние сме свесни дека даноците што ги плаќаат стопанството и граѓаните го полнат буџетот на државата и јавниот сектор од тие средства зема плата. Во вакви околности, се наметнува стравот на нашите членови за сигурноста на нивната заработувачка.
3. Денешната прес-конференција на лидерот на СДСМ,

господинот Зоран Заев, со изнесување на предлог – мерки за намалување на економската криза и помагање на стопанството, конкретно, за намалување на платите во јавниот сектор за повеќе од 50%, во нашето членство предизвика големо незадоволство, загриженост, несогласување, немир, страв за сопствената егзистенција, егзистенцијата на сопственото семејство. СОНК смета дека оваа мерка е премногу радикална и дека голем дел од вработените ќе ги доведе до работ на егзистенцијата. Ова не сакаме да звучи егоистички, меѓутоа, сметаме дека предложените мерки директно ќе удрат врз работниците, што реално се и најмалку платени во државата. Особено реакциите се жестоки од страна на просветните работници, кои, во интерес на учениците, индиректно и на државата, вложуваат надчовечки напори преку алтернативни форми и методи, во домашни услови, да ја реализираат планираната програма.

4. СОНК е убеден дека постојат и други решенија за надминување на економската криза, решенија кои директно и радикално нема да се манифестираат врз работниците во јавниот сектор. За таа цел, бараме, предлогот упатен до Владата за намалување на платите до висината на минималната плата, односно до 14 500 денари, да се повлече.
5. Предлагаме, под итно, да се воспостави социјален дијалог со синдикатите, да се слушнат и нашите размислувања и предлози. Особено е важно, според нас, да се консултираат и прифатат мислењата на економските експерти во нашата држава, без разлика на политичкото убедување и дејствување. Секој издржан и добронамерен предлог, поткрепен на база на длабока анализа и факти, треба да се прифати.
6. Конечно, уште еднаш да го истакнеме нашиот став дека не го прифаќаме предложеното намалување на платите во администрацијата, од страна на претседателот на СДСМ. Апелираме до Владата, доколку ваков предлог дојде на дневен ред, да се отфрли. Со тоа би се спречиле и

дополнителни социјални и економски немири, што воопшто не е исклучено со ваквата предлог мерка.

Впрочем, оваа криза не е само во Македонија. Ваква предлог мерка, во држави слични на нашата, каде што има економска криза, намалување на плати нема ниту во Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Албанија, Косово, Бугарија, Грција……..

Со почит,

Претседател,

с.р. Јаким Неделков

---

# РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА СО НЕМОЖНОСТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА

**СООПШТЕНИЕ**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК го изразува своето огромно разочарување и незадоволство од институциите на системот, коишто на директен или индиректен начин влијаат врз неисполнување на договорот помеѓу МОН и СОНК за зголемување на платите во високообразовните институции, за 10% започнувајќи

од јануарската плата 2020 година.

СОНК нема директно да го впери прстот во ниту една институција или поединец, меѓутоа нема да премолчи во изнесување на фактите коишто доведоа до ваква неповолна ситуација за вработените во високото образование и за нас како организација, која има надлежност и статутарна обврска да ги штити нивните интереси.

Непобитен е фактот дека министерството за образование и наука требаше да го реализира договореното зголемување на платите за 10% од јануари 2020 година. Доколку ова договорено зголемување не можело да се реализира заради законски или други пречки, МОН требаше најпрво да разговара и изнајде решение заедно со СОНК, како договарач со МОН, но, пред се и заради докажаната репрезентативност на национално ниво, во дејноста образование. Спротивно на ова, МОН бараше "решение" со ректорите на државните универзитети, при што изнајдоа "соломонско" решение во рамките на универзитетите да иницираат формирање на нов универзитетски синдикат, којшто би бил репрезентативен. Со тоа, би можеле да потпишат колективен договор на ниво на работодавач, кој би содржел еден член, а тоа би било само за зголемување на платите од 10%. Срамно и недозволиво. Според СОНК, ваквиот начин на решавање на проблемот создаде дополнително нови проблеми, коишто укажуваат дека по потреба кога сакаат и како сакаат работодавачите можат да формираат синдикални организации, но, кога ќе заврши потреба можат да ги згаснат. Исто така, се покажа дека под притисок на академската власт, многу лесно, експедитивно и масовно можат да се формираат синдикати, што во практиката е сосема спротивно. Ваквите дејствија, според нас се спротивни и на нашите закони, но и на меѓународните конвенции, каде што многу децидно се укажува дека работодавачите не смеат да влијаат во организирањето и дејствувањето на синдикалните организации. Дејание без преседан, со елементи на кривична одговорност.

Решението за настанатиот проблем го понуди СОНК пред министерството за образование и наука. Во дел од

универзитетите СОНК е репрезентативен синдикат, а во дел од универзитетите заедно со Независниот академски синдикат (НАкС) заеднички докажуваат репрезентативност и на тој начин во сите универзитети во Македонија имаше можност да се потпише колективен договор на ниво на работодавач. Во недостаток на грански Колективен договор, ова беше наједноставното решение. Но, очигледно дека оваа реална ситуација на некого не му одговараше и тврдоглаво се туркаше идејата за формирање на нов синдикат, што би бил под контрола на раководството на универзитетот, што по претходно дадено упатство и процедура успеа да формира синдикална организација, која патем кажано, до денес не успеа да се регистрира.

По жестоките јавни реакции на незадоволство на СОНК и НАкС, министерството за образование и ректорите донесоа одлука проблемот да се затвори со носење на законско решение, што доколку можело (а сметаме дека можело), требало да се стори уште кон крајот на декември 2019 год, за да се отпочне со примена со јануарската плата во 2020 година.

Но наместо тоа, денес сме соочени со неизвесноста на носење на измени на Законот за плати, со оглед на скорашното распуштање на Парламентот, а со тоа и неможноста за зголемување на платите во високото образование. Не смееме да го заборавиме и фактот што СОНК и МОН во изминатиот период имаа одличен партнерски однос, но со нереализирање на веќе договореното, се нарушува воспоставената рамнотежа помеѓу двата социјални партнери.

Дали беше неопходно да се создаде овој проблем? По нас, не. Ова на никому не му оди во прилог, особено не на министерот за образование и наука, во период пред парламентарни избори. Не им беше потребно и на дел од ректорите, затоа што тие не смеат да даваат изјави дека на таков начин се ангажирале за подобрување на социјалниот статус на вработените. Јасно им е на сите дека СОНК го договори ова зголемување и не се коректни такви изјави со што некој сака да се “кити“ со туѓи перја. Или пак,  имаат потреба да се додворуваат пред своите вработени,

на пример, можеби доаѓаат избори за Ректор во некој од универзитетите.

Навистина не би сакале да помислиме дека ова е некое смислено сценарио, со што ќе се купи одредено време, а со тоа и “мир“ во пресрет на распуштање на Парламентот заради изборите, ќе се заштедат средства за најмалку половина година, се до конституирање на нов Парламент и Влада.

Сигурно има и наша вина во целата оваа приказна, но тоа ќе го оставиме на нашите органи да го анализираат и констатираат. Но, исто така, јасно е дека во овој период не сме во можност да ги примениме радикалните средства, затоа што практично нема (или не сака) кој да го смени законското решение или да потпише и објави Колективен договор.

Едно е јасно. Вработените во високообразовните институции се крајно разочарани од ваквиот однос на институциите. Овие вработени најмалку го заслужуваат тоа, вработените имаат убедливо најниски плати во регионот, а да не зборуваме за Европа. Но, исто така, јасно е дека, ваквата постапка кон нив нема да биде заборавена и тие на свој сопствен начин ќе се оддолжат на оние кои, според нив, го направија ова.

**Претседател,**

**с.р. Јаким Неделков**

# СОНК бара К-15 за сите буџетари

**СООПШТЕНИЕ**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК упати Барање до Министерство за труд и социјална политика (МТСП), со кое се бара веднаш да се отпочнат преговорите за потпишување на Општ Колективен договор за јавниот сектор.

Барањето упатено до МТСП може да го погледнете [тука.]

---

# СОНК Е ПОДГОТВЕН СО РЕКТОРИТЕ ВЕДНАШ ДА ПОТПИШЕ КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ НА НИВО НА РАБОТОДАВЕЦ

**ОДРЖАНА ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОНК**

На 22-01-2020 година во просториите на СОНК, претседателот на СОНК, г-дин Јаким Неделков, во присуство на дел од претседателите на синдикални организации на СОНК од високото образование, пред новинарите одржа прес-конференција, на која што беше презентирана реакцијата на СОНК, по однос на иницијативата од страна на дел од ректорите за формирање на

синдикални организации на ниво на установа од високото образование и се потпишат колективни договори, со образложение дека овој чекор е потребен за да можат да се зголемат платите за вработените во високото образование.

На прес-конференцијата претседателот Неделков најостро ја осуди ваквата иницијатива, која е спротивна на Уставот на Р.С. Македонија, Законот за работни односи и меѓународните конвенции, ратификувани од страна на нашата држава  и врз основа на истите е грубо кршење на правото на синдикално организирање и дејствување и согласно законските прописи  претставува кривично дело.

Со преземањето на ваквиот чекор за формирање на синдикални организации на ниво на универзитети, се девалвира постоењето и репрезентативноста на СОНК, кој неодамна, поточно во 2019 година, по пат на законските одредби од  ЗРО  ја докажа својата репрезентативност. Имено, согласно издаденото Решение од страна на Министерството за труд и социјална политика, СОНК е единствен репрезентативен синдикат и во делот на високото образование во нашата држава и согласно сите прописи, единствен синдикат кој во моментов може да потпишува колективни договори на ниво на работавец и на гранско ниво.

Вредно е да се спомене или поточно потсетиме, дека за зголемување на платите и во високото образование , СОНК подолг временски период , преку КСС, организираше протести во повеќе градови во нашата држава, преговараше со МОН и Владата на Р.С.Македонија и преку социјален дијалог се избори во сите сфери на образованието, зголемување на платите за 10%, почнувајќи со исплата од месец јануари 2020 година.

На крајот на прес-конференцијата, претседателот Неделков упати апел до сите ректори на универзитетите, најитно да воспостават контакт со СОНК, со кој, по пат на социјален дијалог и партнерство, заеднички, со потпишување на колективни договори на ниво на работодавец, ќе може да се надмине моменталниот проблем.

Решението за репрезентативност може да го најдете тука.

---

# СОНК на своите членови и пријатели синдикалци им ја честита претстојната 2020 година и им посакува добро здравје, многу среќа, успех и благосостојба

---

# ПОТПИШАН НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КУЛТУРАТА

**ПОТПИШАН НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КУЛТУРАТА**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, синдикатот на културата на Република Македонија и министерството за култура го потпишаа новиот грански Колективен договор за вработените во установите од културата, на национално ниво. Со овој Колективен договор се утврдени поголеми права на вработените во овие дејности, во однос на плати по работно место, додатоци на плати, како и конечно утврдување на висината на платите за исто работно

место, во иста или различни институции. Особено е важно да се истакне дека коефициентите на сложеност по работните места ќе се множат со законски утврдената најниска плата на национално ниво и ќе се избегне таканаречената “урамниловка”, што е случај во други јавни или државни установи. Со потпишување на овој Колективен договор сметаме дека ќе се исправи повеќе децениската неправда кон одредени работни места и работници, но, сепак постојат и одредени работни позиции кои што, според нас, треба дополнително да се дефинираат кон повисоки коефициенти, за што во наредниот период заедно синдикатите ќе излезат со предлог пред министерството за култура.



Одредбите од овој Колективен договор ќе важат од денот на објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија”, освен одредбите 65 и 66, кои се однесуваат на плати по работни места и ќе отпочнат да важат најдоцна до 01.07.2020 година.